

Крсте Мисирков



Димитрија Чуповски

## МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО-ЛИТЕРАТУРНО ДРУГАРСТВО ВО САНКТ ПЕТЕРБУРГ 1902 – 1917

Зборник на трудови од научноистражувачки проект на МАНУ



ISBN 978-608-203-382-2

МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО-ЛИТЕРАТУРНО ДРУГАРСТВО ВО САНКТ ПЕТЕРБУРГ



# МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО-ЛИТЕРАТУРНО ДРУГАРСТВО ВО САНКТ ПЕТЕРБУРГ 1902 – 1917

Зборник на трудови од научноистражувачки проект на МАНУ

Приредила **Катица ЌУЛАВКОВА**

Скопје, 2023

**Издавач:**
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
www.manu.edu.mk

**За издавачот**
Живко ПОПОВ

**Приредувач**
Катица ЌУЛАВКОВА

**Редакција**
Љупчо КОЦАРЕВ
Катица ЌУЛАВКОВА
Ганка ЦВЕТАНОВА

**Лектура**
Симона ГРУЕВСКА-МАЏОСКА

**Компјутерска обработка и дизајн на корицата**
Тони ВАСИЌ

**Печати**
МАР-САЖ, Скопје

**Тираж**
**150**

**CIP – Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје**

821.163.3:061.2(470.23-25)"1902/1917"(082)
811.163.3`26Мисирков, К.П.(082)
930.85(497.7)"18/19"(082)
323.1(=163.3)"18/19"(082)

МАКЕДОНСКОТО научно-литературно другарство во Петроград
(Санкт Петербург) 1902 – 1917 : зборник текстови од
научноистражувачки проект / приредувач Катица Ќулавкова. – Скопје :
МАНУ, 2024 (Скопје : МАР-САЖ). – 369 стр.; 24 см

Библиографија кон трудовите
ISBN 978-608-203-382-2
а) Македонско научно-литературно другарство (Санкт Петербург) -- 1902 – 1917 -- Зборници
б) Македонски јазик -- Стандардизација --Мисирков, Крсте П. (1874 – 1926) -- Зборници
в) Македонско национално прашање -- 19-20 в. -- Зборници г) Македонија -- Културна историја -- 19-20 в. – Зборници

COBISS.MK-ID 63802885

# МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО-ЛИТЕРАТУРНО ДРУГАРСТВО ВО ПЕТРОГРАД (САНКТ ПЕТЕРБУРГ) 1902-1917

*Зборник текстови од научно-истражувачки проект*

Приредувач: **академик Катица Ќулавкова**

МАНУ
Скопје, 2024

**Vitomir MITEVSKI**
MANU, Skopje

## The First National Program of the Macedonian Scientific-Literary Association in Saint Petersburg and Macedonia Today

The Programme and Memorandum of MSLS in St. Petersburg are of invaluable importance for Macedonian science and culture. The documents provide profound insight not only into the situation of the Macedonian people at that time, but also show the path towards resolving the challenges and issues that are vital for the survival and prosperity of the Macedonian nation and culture. When compared to modern times, one can see that many of the challenges Macedonian people were confronted with at the end of the XIX century are, unfortunately, becoming relevant again. This fact emphasizes even further the value of the Programme and the Memorandum because the standpoints expressed in these documents by the members of MSLS with their wisdom and farsightedness can serve as a direction for our struggle for national survival and development today and in the future. It is of a great importance that these documents contain the principles of MSLS that will later on be embedded in the Statute of MASA when MASA was established, thus making the bond between these two institutions essential and genetic.

**Keywords:** Program and Memorandum of MSLS, St. Petersburg, Macedonian nation, MASA.

**УДК:**

**Ангелина БАНОВИЌ-МАРКОВСКА**
Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје
angelina.banovic@gmail.com

## ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ВО САНКТ ПЕТЕРБУРГ 1913 ВО КОНТЕКСТ НА СОВРЕМЕНАТА ЕПИСТЕМА

како функционални чувари на сеќавањето, архивот и канонот се основните банки на податоци од кои културната меморија ги црпи своите ресурси, градејќи ја автоперцепцијата на општеството за личности, настани и дела кои се од особена важност за нацијата. Нивното реконтекстуализирање во сегашноста подразбира дијалог со отсутните знаци на историјата. Како неми сведоци на минатото, тие отсутни знаци се всушност трагите кои во историографските пишувања и толкувања добиле глас, потсетувајќи нè дека минатото е наративно и достапно (само) во форма на текст.

Но она што на онтолошко рамниште претставува трага, на епистемолошко станува факт. Станува првенствено збор за пишаните документи и историските сведоштва за реални настани и личности, чиишто проучувања не би биле комплетни без филозофскиот контекст на времето, без неговата епистема како гарант за нивната историчност. Во оваа студија ќе бидат толкувани знаците на македонското минато, со помош на истори(ографи)јата[1] и

[1] Со оглед на тоа дека историографијата е своевидна антикварница на пишани сведоштва и докази, нејзината имагинација се потпира врз референцијалноста на фактите и врз веродостојноста на документите. Оттаму, како луѓе од науката, ние сме соочени со една огромна и измешана реалност од која треба да направиме одбир, не како обичен пресек на настаните што се одиграле во минатото, туку како научна конструкција базирана врз документи чие интерпретирање ќе ни овозможи одново да го (ре)конструираме и толкуваме тоа минато. „Историографскиот пристап е

меморијата, но и со когнитивниот карактер на нивните писма, зашто како специфична ars memoriae, историографијата е „поетика на отсутното“ која, набљудувајќи го минатото од аспект на сегашноста, го *рейрезенійфикува*[2] тоа што веќе не постои, а некогаш било иднина (Katroga 2011: 137–148).

„Историјата на македонската емиграција е историја на македонската национална драма“, вели Катица Ќулавкова во еден свој труд (2020: 1). Во неа се содржани трите клучни начела: *идениишеиш*, *иншеѓришеиш* и *авшономија*, како темелни одредници на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург и неговите дипломатски заложби пред европската јавност за независност на Македонија. Станува збор за исклучително важна политичка кауза од почетокот на XX век[3], која ја обедини македонската емиграција околу настојувањето за формирање македонска нација, во

увод во историската херменевтика, затоа што е јасно дека (голите) факти самите по себе не ја кажуваат вистината, дека нивното значење се иницира во рамките на изворниот историски контекст, но се преосмислува во склоп на новите историски контексти кои налагаат нови гледни точки/перспективи, нови методолошки парадигми, нови толкувачки субјекти и, конечно, нов фокус на интерес... Историјата може да се чита и семантички, но за да се разбере, треба да ѝ се пристапи семиотички, што значи дека треба да се истражуваат и стратегиите на создавањето на историјата, а не само голите историски факти“ (Ќулавкова 2021: IV).

[2] Како анамнетски говор за „отсутни“ личности, настани и дела кои постоеле пред толкувањата и пишувањата за нив, да се репрезентификува нешто значи да се симулира неговото „присуство“, не само преку наративизирање на минатото туку и преку теоретизирање на трагите. Затоа, како начин за спознавање на минатите настани, поимот репрезентификација подразбира: епистемолошки субјект (историски и општествено ситуиран во простор и време), текст (секое истражување се реализира преку нарација) и восприемач (реципиент). Следствено, тоа опфаќа и три рамништа на манифестација: документаристичко рамниште, рамниште на разјаснување (толкување) и рамниште на пишување, зашто „стварноста на толкувањето е составен дел од толкувањето на стварноста“, вели португалскиот историчар Фернандо Катрога (2011: 128).

[3] Почетоците на оваа политичка кауза водат заправо кон крајот на XIX век: од појавувањето свест за македонска национална припадност во тријазичниот речник на Ѓ. Пулевски (Белград 1875) и неговата Славјанско-македонска книжевна дружина во Софија (1888), преку барањето за автокефалност на Охридската архиепископија (кое има и политички импликации) и идејата на Лозарството (кое го афирмира македонскиот книжевен јазик во науката и публицистиката), до формирањето на Младата македонска книжевна дружина во Софија (1891) и првиот број на весникот *Лоза* (1892), па преку основањето на Македонското ученичко друштво Вардар (1893) и политичката платформа на Македонскиот клуб во Белград (1902), до конституирањето на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург, па преку текстот на основачкиот Меморандум (1902) и Уставот на МНЛД (1903), до книгата *За македонцкиѿе рабоѿи* на Мисирков (Софија 1903) и двата Меморандуми за независност на Македонија (Лондон 1913).





годините пред Првата светска војна. Но пред да преминеме на нејзиното елаборирање, би се осврнале на поимите нација и национализам. Ја имаме предвид етносимболистичката[4] концепција на Ентони Смит (Anthony D. Smith), според која не постои нација без свое етничко јадро во минатото. Фактот дека тоа јадро има свои диференцијални специфики кои укажуваат на: заедничко име и митови, колективни историски сеќавања, чувство на солидарност и поврзаност со културата на одредена територија, само ја потврдува тезата дека како антрополошка и културно-историска појава, етносот ѝ претходи на нацијата, а етничкиот идентитет е најважниот предуслов во формирањето на нациите и националните идентитети како политички деривати на XIX и XX век. Дури и кога не би постоел јасен етнички претходник, секоја нација би настојувала да создаде сопствен „етнокултурен резервоар“ од којшто би ја црпела својата митологија и свеста за кохерентноста на културните вредности. Тоа е базата од која интелектуалните елити ја генерираат својата политичка идеологија и својот (културен) национализам[5].

Од тие причини сметаме дека ќе биде интересно ако во овој (кон)текст се осврнеме на тестимонијалниот дискурс на двата Меморандуми за независност на Македонија: првиот доставен до учесниците на Лондонската мировна конференција, на 14 март 1913 година[6], а вториот испратен до владите и до општественото мнение на сојузните балкански држави, на 7 јуни 1913. Составени и потпишани од членовите на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург, овие стратегиски документи ја сублимираат всушност македонската научна, културна и национална мисла, содржана уште во текстот на основачкиот Меморандум и во Уставот на Другарството[7]. Но тие се, истовремено, и легитимен правен акт

[4] Наспроти примордијалистите кои ја минимизираат улогата на интелектуалната елита во создавањето на нацијата и конструктивистите кои ја оспоруваат сличноста меѓу етничкиот и современиот национален идентитет, Смит избира среден пат кој ги помирува (синкретизира) дивергентните толкувања на поимите нација и национализам, но за нив подолу во овој текст.

[5] „Национализмот е првенствено културна доктрина или, попрецизно кажано, политичка идеологија во чие средиште е некоја културна доктрина“ (Smit 2010: 120).

[6] Претставници на македонската колонија во Санкт Петербург: Гаврил Константинович, Димитрие Чуповски, Наце Димов и Александар Везенков, на 1 март 1913 година, го потпишуваат првиот официјален акт, *Меморандумоѿ за независносѿ на Македонија* (Mémorandum consérnant l'indépendance de la Macédoine) и заедно со специјално напечатената *Карѿа Македоніи* (изработена од Димитрие Чуповски), на 14 март истата година, ги доставуваат до министерот за надворешни работи на Велика Британија и до амбасадорите на големите сили во Лондон.

[7] Текстот на основачкиот Меморандум е конципиран од Дијамандрија Мишајков и Стефан Дедов, уште во Белград 1902 година и претставува прва пишана македонска платформа за политичка и национална слобода на Македонците. Покрај

со кој група интелектуалци ја промовира својата идеологија (правно-политичка доктрина со доминантна етнокултурна матрица и вредносен систем кој ги отсликува случувањата во годините пред и по Првата балканска војна, 1912), но и дипломатско сведоштво за настојувањата на македонската емиграција во Русија, да ги постави, врз примерот на развиените европски држави, темелите на една неофицијална надворешна политика[8]. Имајќи ги предвид историските случувања на Балканот, би можело да се каже дека во еден своевиден државотворен вакуум, без политичко-правни институции кои би го регулирале општествениот статус на македонскиот човек и неговата иднина, преземајќи низа промотивни активности (јавни настапи и предавања, разговори со руските власти и странските амбасади, публикување наменски текстови во весници и списанија)[9], оваа група ангажирани интелектуалци, своето политичко-правно гледиште за македонското национално прашање го претвора во своевидна дипломатска битка за независност на Македонија. Мислам на годините пред потпишувањето на Букурешкиот

историската оцена за состојбите на Балканот, таа ги содржи и идеите за: создавање литературен јазик, автокефална Македонска православна црква, изборно Народно собрание, како и барање за културна и национална автономија на Македонија (најпрво во состав на Европска Турција, а потоа и како дел од некоја идна Балканска федерација). Врз основа на овој Меморандум е напишан и текстот на Уставот на МНЛД, во Санкт Петербург, 1903 година (види Б. Ристевски 2017б: 196–200).

[8] За политика како policy може да се зборува уште во најраните фази на човечката заедница, во која постојат различни односи и влијанија. Тие стануваат политички тогаш кога некоја општествена група, класа или политичко-правен субјект свесно се организира и дејствува во насока на постигнување одредени цели или задоволување на сопствени интереси. За дипломатија, пак, зборуваме тогаш кога некоја политичка концепција се манифестира како вештина за водење меѓународни преговори или придобивање странски влади во спроведување на интересите на сопствената нација, како на пример потпишување спогодби за сувереност или мирно решавање на политички спорови.

[9] Додека се чекаат решенијата од Лондонската мировна конференција, на трибината на Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво, на 4 март 1913 година, во присуство на видни руски академици, универзитетски професори и политичари, Наце Димов (братот на Д. Чуповски) го изложува својот реферат на тема „Македонија во минатото, сегашноста и иднината". На 21 април, во рускиот печат излегува и статијата на Димитрија Чуповски, насловена „Македонската држава". Во тие месеци, рускиот парламент расправа за текстот на вториот *Меморандум* на МНЛД, а биле објавени и делови од дискусијата со назнака дека Димитрија Павле Чуповски лично отпатувал за Париз и Лондон, да ја пропагира самостојноста на Македонија. На 9 јуни 1913 година е отпечатен и првиот број на неделниот весник *Македонскій голосъ*. Во овој важен историски архив за македонското прашање се објавени текстовите на двата меморандуми и споменатата карта на Македонија во нејзините природни, географски, етнички граници. Единаесетте броја на весникот *Македонски глас* излегуваат на руски јазик до 20 ноември 1914.





мировен договор (10 август 1913), кога во најкритичниот период за нацијата доаѓа до поделба на нејзината територијална целокупност, при што од централен регион на Балканот (во состав на Отоманската Империја), Македонија станува само периферен дел од териториите на соседните држави и нивните граници.

Да се вратиме на прашањето за нацијата и национализмот.

„Идејата дека секоја нација мора да има сопствена држава, претставува вообичаена, но не и нужна дедукција од јадрената доктрина на национализмот", вели британскиот социолог Ентони Смит потсетувајќи, сепак, дека крајна цел на секоја националистичка идеологија е постигнување и одржување самостојност, единство и идентитет на нацијата (Smit 2010: 120). Имајќи ја предвид разликата меѓу поимите „етничка група" (како културно-историска појава) и „нација" (како политичка заедница), станува јасно зошто политизацијата на етносот е најзначајната претпоставка за настанокот на нацијата како сложен конструкт, со заемно поврзани компоненти — етнички, културни, територијални, економски и правно-политички. Но кога се работи за национални идентитети кои од различни историски причини не успеале да создадат своја држава, чувството за припадност и приврзаност кон одредена етниа се доживува како евоевиден претполитички еквивалент на поимот нација. Ефектите од таа приврзаност најчесто се манифестираат како политички стратегии со изразена идеологија, јазик и сентимент. Некои од нив имаат големо влијание во негувањето на културните специфики, во разрешувањето на идентитетските кризи, во спасувањето на потиснатите истории или во отпорот кон колонијализмот, како во случајот со македонската емиграција и нејзините Меморандуми.

Тестимонијалните дискурси на овие навистина значајни историски документи откриваат дека и покрај дотогашните дипломатски заложби на странските монарси и европските влади, бил „погребан и уништен политичкиот и духовниот живот на нацијата", а поделбата на Македонија меѓу претендентите на нејзината територија била оценета како „најнеправеден акт во историјата на народите, газење на човековите права и срам за целото словенство". Оттаму, повикувајќи се на „природното и историско право" на самоопределување и внатрешно уредување, ополномоштените потписници на првиот меморандумски текст бараат политичка независност и територијален интегритет за својата држава. Имено:

> На македонскиот народ му треба: 1) Македонија да остане единствена, неделива, независна балканска држава во своите географски, етнографски, историски и економско-политички граници, 2) Во најскоро време, врз основа на општо гласање, да се свика македонско народно собрание во Солун, кое подробно

> ќе го разработи внатрешното устројство на државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави[10].

Во вториот меморандумски текст барањата сè уште поконкретни, а потписниците уште подоследни во своите настојувања, при што правно-политичкиот и територијалниот концепт некако спонтано се преплетуваат и надополнуваат со етничкиот:

> Во име на природното право, во име на историјата... ве молиме да го примите на знаење следново: 1) Македонија е населена со еднородно словенско племе, кое си има своја историја, свој бит, своја некогашна државност, свои идеали, па затоа и *право на самоопределување*. 2) Македонија во своите етнички, географски и културно-историски граници треба да биде *самостојна држава, со влада одговорна пред Народното собрание*. 3) Македонската држава да претставува *одделна, рамноправна единица во Балканскиот сојуз*, при заеднички царински граници. 4) Во црковна смисла, неопходно е во Македонија да се обнови древната Охридска автокефална црква, која ќе биде во *канонско единство со другите православни цркви*... 5) За подробна разработка на внатрешното устројство на македонската држава... да се свика *народно претставништво* (Национално основачко собрание)... *избрано со општо гласање*[11].

Со своето сериозно чувство за одговорност кон историската вистина, текстовите на двата Меморандуми се, од една страна, своевиден дипломатски наратив кој ја пренесува приказната за политичкото насилство врз македонскиот човек низ вековите, а од друга страна тестимонијален документ[12] — сведоштво за историските трауми и негативните ефекти од геополитичките интереси на соседните балкански држави, врз македонската идентитетска приказна. Поради актуелноста на ова прашање наведените барања на МНЛД нашле сериозен одглас и во рускиот печат. Во врска со вториот меморандумски текст, дневниот весник *День* го објавил следниов коментар: „Некои можеби ќе речат дека Меморандумот не ги изразува вистинските желби на Македонците, но има прекрасен начин да се провери тоа: нека спроведат

[10] *Македонскій голосъ*, No. 1, „Меморандумъ о независимости Македоніи, переданкый Македонской колоніей въ С.-Петербургѣ Конференцииі пословъ Великихъ Державъ въ Лондонъ", С.-Петербургѣ 1913–1914: 23.

[11] *Македонскій голосъ*, No. 1, „Меморандумъ Македонцевъ, Къ правительствамъ и къ общественному мнѣнію союзныхъ балканскихъ державъ", С.-Петербургѣ 1913–1914: 19 (истакнатото е мое).

[12] Ова го става во преден план и концептот на Џефри Хартман, оној за „историскиот сведок", при што за Чуповски, Мисирков и членовите на МНЛД во Санкт Петербург, може да се каже дека се и своевидни ҳистори (судии-сведоци), кои на европската и на руската јавност ѝ предочиле не само реални историски факти туку и самите биле живи сведоци и жртви на лично проживеани притисоци, негирања и тортури.





*слободен плебисцит*. Самите Македонци нека решат дали сакаат слобода и независност или го претпочитаат 'јаремот на родниот брат'?" (Ристовски 2017а: 22; истакнатото е мое).

Ќе потсетиме сега на едно многу важно предавање од 11 март 1882. Одржано на Сорбона, под наслов „Qu'est-ce qu'une nation?" („Што е нацијата?"), тоа не само што претставува своевиден одговор на политичкиот спор меѓу француските и германските историчари околу Бизмарковата анексионистичка политика на провинциите Алзас и Лорен, по Француско-германската војна во 1870 година туку е истовремено и обид за помирување на две суштински спротивставени националистички идеологии: француската (рационалистичка, политичка и граѓанска) и германската (романтичарска, културна и етничка). Авторот на ова предавање, францускиот ориенталист и историчар на религиите Ернест Ренан (Joseph Ernest Renan), ја застапува всушност тезата дека расата, јазикот и верата не ја прават нацијата, но дава едно безмалку контрадикторно становиште со кое се доближува до романтичарското поимање на нацијата како „принцип на душата". Вели вака:

> Нацијата е духовен принцип, резултат на сложени историски заплети... Две нешта кои се заправо едно го претставуваат тој принцип" — наследеното сеќавање (заедничките културно-историски вредности и страдања, пренесени од минатото) и волунтаризмот (слободната волја за соживот и согласноста да се одржи живо тоа сеќавање). Оттаму, нацијата е „солидарност на повисоко рамниште кое вклучува почит кон жртвите што биле поднесени во минатото и тие што допрва треба да бидат поднесени. Ова секако ја подразбира историјата во скратен облик, сублимирана во фактот на согласноста и во јасно изразената желба да се продолжи заедно. Нацијата е, ќе ми простите за оваа метафора, *дневен плебисцит* (un plébiscite de tous les jours), како што и човечкото постоење е постојана потврда на животот (Renan 2007: 66–67).

Нагласувајќи ја плебисцитарната согласност[13] како суштествен (спиритуален) агенс на нацијата, Ренан го промовира всушност инклузивното становиште

[13] Со тезата за плебисцитарната согласност која потсетува на „општата волја" кај Русо (не како збир од поединечни волји, туку како одраз на општиот интерес и народниот суверенитет), Ренан го антиципира всушност современиот конструктивизам. Вистина, неговото волунтаристичко лице е насочено кон сегашноста, но емоционалното е свртено кон минатото, па иако го критикува перенијално-примордијалното становиште на германските историчари, Ренан заправо нежно сугерира дека за постоење на некоја нација не е доволна само политичка волја туку и заедничка верба во минатото (солидарност со култот на предците), при што открива дека и не му е толку туѓ западноевропскиот културен национализам, неговиот јазик и сентимент.

Епистемолошки, се работи всушност за синкретизам на двете најстари националистички концепции: примордијалната која се раководи од идејата за предодреденост

на француските историчари, наспроти ексклузивното толкување на германските, базирано на етнички/расни, јазични и религиски припадности. Секако, нема да биде погрешно сега ако се каже дека овој Ренанов текст е всушност и обид за нивно помирување — зашто, како политичка идеологија, секоја националистичка доктрина се потпира на двете становишта истовремено, само што во одредени историски моменти преовладува инклузивната, а во други ексклузивната компонента. Тоа што е извесно за двете е согласноста дека како територијално омеѓена популација, секоја нација има право на своја татковина, на заедничка култура, колективни сеќавања, легитимни права и должности. „Секоја заедница од луѓе со здрав разум и топло срце кое создава своевидна морална свест, може да се нарече нација. Сè додека таа ја докажуваа својата сила преку пожртвуваност која бара одрекување од индивидуалниот во име на заедничкиот прогрес, ќе биде легитимна и ќе има право на постоење. Ако се појават сомнежи во врска со нејзините граници, консултирајте се со народот што живее во подрачјето за кое се расправа. Тој, несомнено, има право на свој глас“ (Renan 2007: 67).

Ќе се вратиме сега на трите стратешки принципи од јадрената политика на МНЛД — *идентитет*, *интегритет* (единство) и *автономија* (самостојност). Нивното повеќекратно споменување во меморандумските текстови за независност, покажува дека на членовите на македонската колонија во Санкт Петербург не им бил туѓ граѓанско-политичкиот и територијален концепт на нацијата, промовиран во политичките списи на француските мислители Монтескје и Русо, на пример, со кои можеле да се запознаат за време на своите студии во странство. Ним секако не им бил туѓ ни вернакуларниот концепт на западноевропските романтичари, од кој се изнедрил и германскиот културен национализам со кој спори Ренан во своето предавање. Оттаму нема да е одвишно ако се каже сега дека европската културна историја, нејзините книжевни, филозофско-антрополошки и правни дискурси одиграле бездруго големо влијание врз обликувањето на политичката мисла на нашата емиграција и нејзиниот светоглед, па некако спонтано се наметнува и прашањето — зошто оваа едуцирана, национално освестена и политички ангажирана група македонски интелектуалци не успева пред големите европски сили во Лондон да ги наметне своите заложби за независност и да ги претвори во успешна сецесионистичка приказна, која би ги анулирала империјалистичките стремежи на „малите“ балкански држави, нивниот завојувачки, територијален и етногенеалошки[14] национализам?

(заедничко потекло: крв, јазик, обичаи) и перенијалната концепција која се залага за едно повеќевековно, longue durée постоење на нацијата како трансисториска појава, со корени во средновековието или антиката.

[14] Епистемолошки, се работи всушност за синкретизам на двете најстари националистички концепции: примордијалната која се раководи од идејата за предодреденост





„Ниедна нација не би прифатила анексија против својата волја. Волјата на нацијата е единствениот легитимен критериум на кој секогаш треба да се враќаме“ (Renan 2007: 67). Но останува фактот дека во периодот кога се одржува Лондонската мировна конференција (1912 – 1913), па и за време на потпишувањето на Букурешкиот мировен договор (1913), македонската нација не постои како правно-политички субјект кој би можел да влијае врз крајниот исход, или да биде потписник на споменатите мировни одлуки. Легитимитет на официјалниот акт му даваат само претставниците на европските амбасади и балканските дипломати; првите како суперего во чии раце е законот/логосот, вторите како алтерего на чија страна е јазикот/симболот. Третата засегната страна, која како единствен автентичен глас ги застапува македонските национални интереси, изразувајќи ја свеста и волјата на македонскиот народ, нема валиден статус на субјект – преговарач; за нејзината судбина одлучуваат други, пусти мераци. Така, заробена во играта на означителите, како недостижен „објект на желбата“ за македонскиот народ, *македонската држава* на мировната конференција во Лондон ќе стане „l'objet petit a“ и ќе се најде во средиштето на Боромејскиот јазол[15], во трагичната разврска меѓу реалниот, симболичкиот и имагинарниот поредок на историјата. Случувањата добиваат непосакуван тек.

Факт е дека во истата таа 1913 година, МНЛД не успева да се регистрира во Санкт Петербург како национална асоцијација, која би продолжила со легитимни преговори за независност на Македонија. Но факт е, исто така, дека во тој по многу нешта критичен историски период за нацијата, улогата на гласноговорник за македонското национално прашање ја презема токму таа

(заедничко потекло: крв, јазик, обичаи) и перенијалната концепција која се залага за едно повеќевековно, longue durée постоење на нацијата како трансисториска појава, со корени во средновековието или антиката.

[15] Лакановиот Боромејски јазол го сочинуваат три торуси што заемно се пресекуваат. На секој торус му соодветствува по еден поредок: реален, симболички или имагинарен. Структурата на јазолот е таква што ако се одвои макар еден торус, се распаѓа целата конструкција. Во средиштето на тројниот пресек е *предметот на желбата*, Лакановиот „објект мало а“ или „l'objet petit *a(utre)*“. За субјектот Европа (кој го претставува торусот на реалниот поредок), „l'objet petit a“ функционира *како несвесна причина на желбата*. За балканскиот субјект (торусот на симболичкиот поредок), тоа „мало а“ е идеолошка фантазма која ја претставува неговата *другост* (посакуваниот *остаток* од неговата територија). Што се однесува, пак, до македонскиот субјект на желбата (торусот на имагинарниот регистар), „l'objet petit *a*“ е неговата огледална проекција, оној *конститутивен недостаток* што се доживува како супстанцијална реалност различна од големата, радикална и несведлива Другост (Autre). Накусо, за македонскиот субјект на желбата, Лакановиот „l'objet petit *a*“ е Платоновата *агалма*, она скриено богатство, таа бесценета награда која би му обезбедила целосен онтолошки идентитет.

македонска колонија во Русија. И нешто слично на автохтониот информатор (the native informant) од постколонијалната теорија на Спивак (Gayatri Chakravorty Spivak), овој ополномоштен „супститут на нацијата", ќе ѝ предочи на европската политичка јавност дека поделбата на Македонија меѓу балканските сојузници е „најнеправедниот акт во историјата на народите, газење на човековите права, срам за целото словенство". Затоа, имајќи го предвид влијанието што врз конституирањето на субјектот ги имаат знаењето и моќта, темелно образложени во „археолошката" теорија на дискурсот на Мишел Фуко (Michel Foucault) и во постколонијалната критика на ориентализмот на Едвард Саид (Edward Said), станува јасно зошто на споменатата мировна конференција во Лондон, империјалистичкиот логос на европските дипломати и етнонационалистичката идеологија на сојузните балкански елити, ќе ги игнорира од позиција на знаење и моќ двата македонски меморанди за независност, исклучувајќи ги од европскиот историски и епистемолошки контекст нивните наративи, како (не)валиден дискурс за македонското прашање. Така, претворајќи го во политички невидлива *другост*, Европа ќе го конституира всушност колонизираниот македонски субјект, како инфериорен, нем и безличен „објект на желбата" меѓу завојуваните страни на балканската геополитичка мапа... Останатото е историја.

Она што сакавме да го покажеме во овој есеј за политичката идеологија на македонската емиграција, како и за судбината на „македонското прашање", е сознанието дека секое пишување и читање на историјата се гради преку една специфична репрезентификациска нарација која ги следи трагите на случувањата во временскиот след на нештата кои некогаш биле сегашност, а сега се дел од историјата. Со оглед на тоа, пак, дека историографијата е наука за луѓето низ времето и за нивните постапки (res gestae), ова толкување имаше за цел да покаже, исто така, дека освен звукот на анамнезата, треба да се наслушнува и придушеното ехо на нејзината тишина. И не само како својевиден ритуал на сеќавањето туку и како перформативен чин со кој пркосејќи ѝ на историската амнезија, ќе се освежува постојано културното помнење на нацијата. Така општествата на живите ја покажуваат својата одговорност кон претходниците и нивните дела. Затоа, иако се напишани пред единаесет децении, како примарно сведоштво за историските трауми на македонскиот човек и неговата одбрана на националната самосвест, меморандумските текстови за независност на Македонија од 1913 година, се истовремено и метасведоштва за моралните дилеми со кои се соочува денес македонската наука, при интерпретирањето на нивните наративи. Од неа зависи која верзија на минатото ќе остане запишана и заштитена во современата, официјална (и институционална) меморија на нацијата. А тоа не е само прашање на политика туку и на знаење, засновано на една епистемолошка свест која научно ги демантира тезите за неисторичноста на македонскиот народ, градејќи ја анамнестичката инфраструктура на неговата национална меморија.



## Библиографија

**а) книги**


Ристовски Б. 2017а. „Македонската колонија во Петроград и културнонационалниот идентитет и територијален интегритет на Македонија (причини за војната и последици од букурешкиот договор)". БУКУРЕШКИОТ мировен договор (1913) и неговите долгорочни последици за Македонија и Југоисточна Европа : материјали од македонско-рускиот научен собир одржан во Скопје на 27 и 28 јуни 2013 година : материалы македонскороссийской научной конференции состояшей в Скопье 27 и 28 јуни 2013 / [уредувачки одбор Блаже Ристовски и др.]. Скопје: МАНУ, сс. 7-22.

Ристовски Б. 2017б. „Епохата на Лозарите, петроградското Македонско научно-литературно другарство, Мисирков и Чуповски", *Историски основи на Македонската академија на науките и уметностите* (посебна публикација издадена по повод 50-годишниот јубилеј на МАНУ). Скопје: МАНУ, сс. 188-203.

Ристовски, Б. 2012. Димитрија Чуповски (1878–1940) и македонското научно-литературно другарство во Петроград. Прилог кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална мисла, *Избрани дела* во 10 тома, 3. Скопје: Матица македонска.

Ристовски, Б. 1996. *Димитрија Чуповски и македонската национална свест*. Скопје: Ѓурѓа.

Ќулавкова, К. 2020. „Македонската нишка и парадигмата на МНЛД во С.-Петербург: Ѓорѓија Пулевски, Крсте Мисирков и Димитрија Чуповски". 28.10.2020, Свечен собир за МНЛД и Димитрија Чуповски. Скопје: МАНУ. Достапно на <http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/Referat-red.-za-Pulevski-Misirkov-I-Cupovski_28.10.2020_-MANU-KKulavkova.pdf>

Ќулавкова, К. 2021. „Македонија: историски континуитет во простор и време". *Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*. Скопје: МАНУ, I-XXII.

Assmann et al. 2015. *Kolektivno sećanje i politike pamćenja*, priredili Michal Sladeček, Jelena Vasiljević, Tamara Petrović Trifunović. Beograd: Zavod za udžbenike: Institut za filozofiju i društvenu teoriju.

Anderson, B. 1998. *Nacija: zamišljena zajednica*. Beograd: ΠΛΑΤΩ.

Eriksen, T. H. 2004. *Etnicitet i nacionalizam*. Beograd: Biblioteka XX vek.

(Ed.) Freeden M., Sargent L. T., Stears M. (2013). *Political Ideologies*. OUP. Available at <http://www.uop.edu.pk/ocontents/Book%20The%20Oxford%20Handbook%20of%20%20Political%20Ideologies.pdf >

Gelner, E. 1997. *Nacije i nacionalizam*. Novi Sad: Matica srpska.

Hobsbaum, E. 1996. *Nacije i nacionalizam od 1780. Program, mit, stvarnost.* Beograd: Filip Višnjić.

Katroga, F. 2011. *Istorija, vreme i pamćenje*. Beograd: Clio.

Kolingvud, R. Dž. 2003. *Ideja istorije*. Beograd: Javno preduzeće Službeni list SRJ.

Lacan, J. 1986. *XI seminar: Četiri temeljna pojma psihoanalize*. Zagreb: Naprijed.

Smit, A. D. 2010. *Nacionalni identitet*. Beograd: Biblioteka XX vek.

Spivak, G. Č. 2003. *Kritika postkolonijalnog uma: Ka istoriji sadašnjosti koja nestaje*. Beograd: Beogradski krug.

Vajt H. 2011. *Metaistorija: istorijska imaginacija u Evropi devetnaestog vijeka*. CID. Podgorica. Dostupno na <https://kupdf.net/download/hajden-vajt-metaistorijapdf_5af631d4e2b6f51610fce1ee_pdf>

б) статии во списание

*Македонскій голосъ*, No. 1, „Меморандумъ о независимости Македоніи, переданкый Македонской колоніей въ С.-Петербургѣ Конференціи пословъ Великихъ Державъ въ Лондонъ“, С.-Петербургѣ 1913-1914: 21-23.

*Македонскій голосъ*, No. 1, „Меморандумъ Македонцевъ, Къ правительствамъ и къ общественному мнѣнію союзныхъ балканскихъ державъ“, С.-Петербургѣ 1913-1914: 17-20.

Renan, E. 2007. „Što je nacija?“ *Pro tempore: časopis studenata povijesti,* godina IV, broj 4, Zagreb: ISHA, 2007: 61-67. Dostupno na <http://isha-zg.ffzg.unizg.hr/doc/pro_tempore/Pro_tempore_4_2007.pdf>

Ricœur, P. 2006. „Mémoire, Histoire, Oubli“, *Esprit* 3 Mars/avril 2006: 20-29. Available at <http://www.cairn.info/revue-esprit-2006-3-page-20.htm>



**Angelina BANOVIKJ-MARKOVSKA**
Faculty of Philology "Blaze Koneski", Skopje
angelina.banovic@gmail.com

# Political Ideology on the Macedonian Emigration to Saint Petersburg 1913 in the Context of the Modern Episteme

The topic of the essay is the testimonial discourse of the two Memoranda for the independence of Macedonia, published by the members of the Macedonian Scientific and Literary Society in St. Petersburg, 1913. Interpreted from the perspective of the contemporary episteme, these strategic documents sublimate the Macedonian scientific, cultural and national thought. They represent, on the one hand, a legitimate legal act with which a group of intellectuals promotes their ideology (a legal-political doctrine with a dominant ethno-cultural matrix and a system of values that reflects the developments in the years before and after the First Balkan War), and, on the other, they represent a diplomatic testimony of the efforts of the Macedonian emigration in Russia to lay the foundations of an unofficial foreign policy. Their interpretation also aims to show that, apart from the sound of the anamnesis, one should also listen to the muffled echo of its silence which, defying historical amnesia, constantly refreshes the nation's cultural memory. Therefore, even though they were written eleven decades ago, the memoranda texts for the independence of Macedonia from 1913 are at the same time meta-testimonies for the moral dilemmas faced by Macedonian historical science today, when interpreting the historical narratives that build the anamnestic infrastructure of the national memory.

**Keywords**: memorandum, independence, Macedonia, political ideology, nationalism, national memory, epistemology